| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Летни игри |
| **Содржина на денот** | Животни |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Дајана М. Костова |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Вежби за одржувајте дистанца и движење на одредено растојание. |
| **Активности** | 1. Игри на тема - Животни<br>Одберете слики или играчки од повеќе животни. Нека се набљудуваат, именуваат и опишуваат животните. Играта со животни може да се организира на повеќе начини.<br>-Игра - „Фрли ја коцката”.<br>Може да изработите коцка од картон и на неа да ставите слики од животни, детето да ја фрли коцката и да го именува и опише животното што ќе го добие. (слика 1)<br>-Игра со картички – изработете картички како на (слика 2) пронајдете ја сенката на даденото животно и обележете ја со штипка.<br>-Играта на отворен простор - „Замислената шума” (слика 3). Разговарајте и направете прошетка низ околината. Најдобро е детето да има ставено маска на животно на своето лице (слика 4). Се движите во паркот прво полека, а потоа побрзо, имитирате одење по нагорница и по надолница. Посочете да го имитира движењето на своето животно што го претставува и да се огласува како него.<br>На крај, може да симулирате дожд, почнува да „врне” дожд (пукате со прстите) па врне уште посилно (чукате со рачиња) и секој се прибира дома, во своето живеалиште. |